Врз основа на член 184 од Законот за работни односи (Службен весник на РМ бр. 74 од 08.05.2015 година) Собранието на Асоцијацијата за е-трговија на Северна Македонија АЕТСМ Скопје, на седницата одржана на 03.04.2024 го донесе следниот:

# СТАТУТ
## на
## Асоцијација за е-трговија на Северна Македонија АЕТСМ Скопје
## (Пречистен текст)

## I
## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Статут се уредува делокругот на работа, организацијата и работата на Асоцијацијата за е-трговија на Северна Македонија, АЕТСМ Скопје (во понатамошниот текст: Асоцијацијата) односно се обликува правилникот и активностите на Асоцијацијата, надлежностите и начините на функционирање на органите и формите на учество, нејзините органи и тела, општите акти и постапката за нивно донесување, начинот и постапката за прием, упис и бришење членовите на Асоцијацијата, финансирање на Асоцијацијата и други прашања.

**Член 2**

Називот на Здружението е: Асоцијација за е-трговија на Северна Македонија, АЕТСМ Скопје.

Скратен назив: АЕТСМ Скопје.

Во меѓународните односи ќе се користи и називот: Ecommerce Association of North Macedonia или Macedonian Ecommerce Association или MECA.

Седиште: „ул. Мирослав Крлежа бр.14-1/1, Скопје-Центар, Р.С.Македонија"

**Член 3**

Асоцијацијата, својата дејност утврдена според Законот за работни односи ќе ја извршува во своето седиште, во регионалните канцеларии во Република Северна Македонија и во своите претставништва вон Република Северна Македонија.

**Член 4**

Асоцијацијата има печат и штембил.

Печатот е стандардна кружна форма со апликација на логото на Асоцијацијата и испишана скратеница на организацијата во средината на печатот.

**Член 5**

Асоцијацијата ја претставува и застапува Претседателот.

По негово овластување или во случај на спреченост Асоцијацијата ја претставува Потпретседателот или Секретарот.

## II
## ЦЕЛИ И ОБЛАСТ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ

**Член 6**

Асоцијацијата е независна и самостојна во поглед на остварувањето на своите цели, интереси и активности утврдени со овој Статут.

Членовите своите права, должности и одговорности ги остваруваат согласно Уставот, законите на Република Северна Македонија и Статутот на Асоцијацијата.

Работата на Асоцијацијата е јавна и секој нејзин член има можност да изврши увид во работењето.

Заради остварување на застапеност и транспарентност пред јавноста, Асоцијацијата ќе објавува годишен извештај врз основа на својата годишна акциона програма.

**Член 7**

Асоцијацијата е основан согласно ЗРО, со основна цел да ги поддржува општите и посебните права и интереси на компаниите инволвирани во е-бизнисот и е-трговијата. Дополнителна цел на Асоцијацијата е да ги претставува и застапува членовите на Асоцијацијата пред надлежните органи, членовите и заинтересираните страни во насока на исполнување на одредбите од Законот за работни односи, а особено во унапредување на нивното работење и во справување со пречките кои стојат на патот кон унапаредувањето на е-трговијата, претставување на членките на национално ниво и во меѓународните тела и организации.

**Член 8**

Мисијата на Асоцијацијата е унапредување и развој на електронската трговијата во Република Северна Македонија.

Согласно поставената мисија, Асоцијацијата ги има следните цели:

- поддршка и застапување на интересите на компаниите инволвирани во е-трговија;
- придонесување кон знаењето за е-трговија и негово распространување;
- креирање на погодна клима за одржлив раст на индустријата на е-трговија;
- зголемување на вработувањето во индустриите поврзани со електронска трговија во Република Северна Македонија;
- создавање и развивање на позитивна претприемачката клима во областа на развој на платформа за е-бизнис и е-трговија за членовите на Асоцијацијата;
- подигнување на свеста за потенцијалот и улогата на дигитализацјата и е-трговијата за економскиот раст на земјата;
- залагање за инклузивен и одржлив раст кој претпоставува не-дискриминација и еднакви права и можности за сите;
- промовирање на важноста на родовата еднаквост на работно место за поголема конкуретност, диверзитет и подобри бизнис резултати на компаниите,

со фокус на улогата на еднаквоста во дигиталната економија, технлогиите, дигитализацијата и е-трговијата.

**Член 9**

Во насока на постигнување на поставените цели, Асоцијацијата ќе ги врши следниве активности:

- здружување на менаџерите и сопствениците на компаниите инволвирани во е-трговија со цел размена на знаења и искуства;
- организирање на обуки за членовите на Асоцијацијата во врска со е-трговија;
- организирање на конференции, предавања, семинари, саеми, форуми и други професионални конференции поврзани со е-трговија;
- мониторинг на правните рамки и регулативите на пазарот во врска со електронска трговија во Република Северна Македонија, како и информирање на јавноста за истите;
- лобирање до надележните институции и предлагање мерки за постигнување на поволна правна и институционална рамка за е-трговија;
- развивање на програми и меѓународна соработка со други организации кои работат во слични активности;
- развивање на програма за соработка помеѓу субјектите на електронска трговија со слични организации во Република Северна Македонија;
- создавање, развој и ажурирање на веб страната на Асоцијацијата;
- организирање на културни настани и спортски средби на членовите за Асоцијацијата;
- организација и реализација на развојни проекти, социо-економски и едукативни проекти, како и проекти со хуманитарен карактер;
- издавање на публикации и стручна литература во своите активности во согласност со посебните прописи и информирање на јавноста за работата во согласност со закон;
- анкетирање и спроведување анализи и обработка на податоци во насока на известување и информирање за прогресот на е-трговијата во земјата.

## III
## ЧЛЕНСТВО ВО АСОЦИЈАЦИЈАТА

**Член 10**

Членови на Асоцијацијата може да бидат правни лица, физички лица, менаџери, организирани поединечно или во здруженија, асоцијации и комори на територијален, регионален или грански принцип, а кои ги прифаќаат целите и задачите на Асоцијацијата.

Член на Асоцијацијата се станува со потпишување на пристапница или електронски поднесена пристапница преку официјалната страница на Асоцијацијата.

Членството во Асоцијацијата е слободно и доброволно.

Секој што е заинтересиран за членство доставува пристапница до Управниот одбор на Асоцијацијата заради добивање на статусот на членство.

Управниот одбор ја прифаќа или одбива молбата - пристапницата за членство на секоја наредна седница на УО.

Електронски поднесена пристапница преку официјалната веб-страница на асоцијацијата е со иста важност како и потпишана пристапница

**Член 11**

Статусот на членовите може да биде: активен, поддржувач или почесен.

Почесниот член не плаќа членарина, нема право на глас, а со своите дејствија изразува финансиска или друга поддршка која влијае на унапредување на дејноста на Асоцијацијата.

Членот поддржувач плаќа членарина во износ утврден со посебен правилник, нема право на глас, а изразува волја да членува во Асоцијацијата. Неговиот статус од поддржувач во активен член може да се промени со Одлука на Управниот одбор.

Активниот член плаќа членарина во износ утврден со посебен правилник, има право на глас и е должен да учествува во активностите на Асоцијацијата.

Активноста/неактивноста на членовите ја цени Управниот одбор и има право да го смени статусот на членството. Членот има право на приговор по Одлуката на Управниот одбор за промена на статусот на членот и по истиот одлучува Управниот одбор.

Активната листа на членови ја донесува Управниот одбор.

Управниот одбор има право да одреди повеќе активни членови од едно правно лице.

**Член 12**

Статусот на член на Асоцијацијата се губи:

- со истапување од Асоцијацијата;
- со исклучување, изгласано од страна на Управниот одбор со 2/3 мнозинство од сите членови, заради делување спротивно на статутот или други акти на Асоцијацијата.
- со неплаќање на редовна членарина и по доставена писмена опомена од страна на органите на Асоцијацијата.

Асоцијацијата води регистар на членство, заради евиденција на неговиот состав во секој момент.

**Член 13**

Правата и обврските на членовите се:

- да именуваат свој преставник за член на Собранието на Асоцијацијата (во понатамошниот текст-претставник);
- да ги користат услугите и правата кои се утврдени со правилник;
- исполнување на сите обврски определени од Управниот Одбор;

- да не ги попречува, директно или индиректно активностите на Асоцијацијата, особено активностите кои значат конфликт со интересите на Асоцијацијата или се во директна конкуренција со неа;
- доставување информација за прашања од посебен интерес за Асоцијацијата во случај кога тоа го бараат управните органи на Асоцијацијата;
- уплатување на членарина на Асоцијацијата во висина која што ја определува Управниот одбор со посебен Правилник.

## V
## ОРГАНИ НА АСОЦИЈАЦИЈАТА

### Член 14

Органи на асоцијацијата се:

- Собрание
- Управен одбор
- Претседател
- Потпретседател
- Секретар
- Комисии и стручни тела

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ-бр.6 ZYRA RAJONALE E REGJISTRIMIT SHKUP-nr.6 REGJISTRI QENDROR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

### Член 15

Собранието е највисок орган на управување и одлучување и е составено од сите членови.

Собранието работи на седници или во постојани комисии кои се одржуваат најмалку еднаш годишно.

Со Собранието претседава Претседателот.

Седниците на Собранието ги свикува Претседателот по сопствена иницијатива, на предлог на Управниот одбор или по предлог на 1/3 од активните членови на Асоцијацијата.

Покана за одржување на Собрание се доставува до сите членови со препорачана пратка на адреса на седиште/живеалиште или емаил адреса оставена од страна на членот до органите на Асоцијацијата. Доставата со препорачна пратка или електронска пошта е со еднаква важност.

### Член 16

Собранието може полноважно да работи и одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половина од вкупниот број на членови. Собранието донесува одлуки со мнозинство гласови од присутните членови, доколку за одредени прашања не е предвидено 2/3 мнозинство согласно овој Статут.

За работата на Собранието се води записник што го потпишуваат Претседавачот на седницата, записничар и двајца заверувачи на записникот

Работата на собранието се утврдува со посебен Деловник.

**Член 17**

Надлежност на Собранието:

- избира членовите на Управен одбор;
- избира Претседател;
- врши разрешување на членовите на Управниот одбор и Претседателот
- одлучува за внатрешната организација и организационите форми на органите на Асоцијацијата;
- донесува Статут и врши измена и дополнување на Статутот;
- одлучува за статусни измени на Асоцијацијата;
- го одобрува финансискиот план предложен од Управниот одбор;
- го одобрува годишниот план на активности предложен од Управниот одбор;
- ја одобрува завршната сметка;
- донесува одлука за распуштање и ликвидација на Асоцијацијата, спојување и здружување со организации од иста природа по предлог на Управниот одбор со двотретинско мнозинство гласови од сите членови на Асоцијацијата;
- одлучува за други работи кои не се во надлежност на други органи на Асоцијацијата;
- врши и други работи што произлегуваат од програмските определби или се утврдени со закон, со други прописи или овој Статут и други интерни акти на Асоцијацијата.

**Член 18**

Собранието може да одржува електронски седници или седници со комбинирано присуство со примена на средства за електронска комуникација, кои овозможуваат двонасочна или повеќенасочна комуникација, размена на податоци и информации, со можност за гласање или изјаснување по електронски пат.

Иницијативата за одржување на Собрание, без присуство на членовите е иста како и за одржување на редовно Собрание на Асоцијацијата.

Електронската комуникација се спроведува со примена на видеоконференциска врска, електронска пошта и други системи или платформи за електронска размена на податоци.

Гласањето или изјаснувањето по електронски пат може да се спроведе преку стандардизирани технички решенија кои обезбедуваат евиденција на присутните, односно евиденција на членовите што се изјасниле, точност и видливост на резултатите од гласањето.

Гласањето или изјаснувањето по електронски пат завршува по десет (10) денови откако предлогот за гласање ќе биде доставен до членовите на Собранието по електронски пат.

**Член 19**

Правата, должностите и одговорностите на Собранието во итни случаеви ги врши Управниот одбор на Асоцијацијата, при што има обврска на првата наредна седница на Собранието да поднесе извештај за превземените активности.

**Член 20**

Управниот одбор е колегијален орган на управување, раководење, администрација и одлучување во Организацијата.

Управниот одбор е составен од Претседател и **најмалку 5 членови.**

За член на Управниот одбор може да биде именуван секој член на Асоцијацијата, како и надворешни лица кои со своето знаење и искуство ќе допринесат кон квалитетно остварување на целите и задачите на Асоцијацијата.

На состаноците на Управниот одбор може да бидат повикани и други членови без право на глас.

**Член 21**

Седниците на Управниот одбор ги свикува и со нив раководи Претседателот.

Седниците на Управниот одбор може да свикаат и 1/3 од членовите на Управниот одбор.

**Член 22**

Управниот одбор полноважно може да работи и одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број на членови.

Управниот одбор своите одлуки ги донесува со јавно гласање, со мнозинство од присутните членови, доколку со овој Статут не е предвидено поинаку.

За работата на Управниот одбор се води Записник кој се усвојува на наредната седница, а го потпишуваат Претседателот и записничарот.

**Член 23**

Надлежност на Управниот одбор е:

- управување со активностите на Асоцијацијата во рамки на своите надлежности;
- донесува Правилник за висината на членарината
- предлага годишен план на активности;
- ја утврдува висината на членарината;
- предлага финансиски план;
- ја следи реализацијата на годишниот и финансискиот план и проектите во реализација;
- се грижи за успешна реализација на програмите;
- формира специјални комисии и други стручни тела по потреба и врши конторла над нивната работа;
- одобрува, на предлог на Претседател, ангажирање на физички и правни лица за потребите на својата работа;
- одобрува договор за трошење на средства;
- избира Потпреседател и Секретар од членовите на Управниот одбор;
- донесува Правилник, Деловник за работа и други внатрешни прописи;
- овластен е да склучува колективни договори;
- одговара за управување со имотот на Асоцијацијата.
- ги подготвува седниците на Собранието на Асоцијацијата;

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ-бр.6
SHKUP-nr.6 ZYRA RAJONALE E REGJISTRIMIT

- го подготвува нацртот на Статутот и другите одлуки што треба да ги донесе Собранието;
- му предлага ставови и заклучоци на Собранието;
- раководи и се грижи за целосно тековно работење на Асоцијацијата;
- ги гради и реализира ставовите на Асоцијацијата;
- ги реализира заклучоците на Собранието;
- подготвува годишен или периодичен извештај за својата работа, на барање на Собранието на Асоцијацијата;
- одлучува за одобрување на членство во Асоцијацијата;
- одлучува за статусот на членот;
- одлучува за промена на статусот на членот;
- одлучува по приговор за промена на статусот на членот;
- ја донесува листата на активни членови;
- одлучува по барања од членовите на Асоцијацијата;
- изготувува годишен извештај за работа и финансиски извештај, кои ги доставува до Собранието на усвојување;
- дава предлог за внатрешна организација и организациони форми на органите на Асоцијацијата;
- одлучува за основање и укинување на организациони единици, ограноци и други облици на организирање на Асоцијацијата;
- одлучува за основање и затворање на подружници на Асоцијацијата;
- врши и други работи кои со овој Статут не се во надлежност на Собранието или Претседателот на Асоцијацијата;
- извршува и други работи што ќе му ги довери Собранието и што произлегуваат од овој Статут.

**Член 24**

Работата на Управниот Одбор се утврдува со посебен Деловник.

**Член 25**

За својата работа Управниот одбор одговара пред Собранието на Асоцијацијата.

**Член 26**

Претседателот е претседател на Управниот Одбор и на Собаранието на Асоцијацијата.

Претседателот на Асоцијацијата го избира Собранието.

Доколку Претседателот биде именуван или избран на јавна функција во Република Северна Македонија која го спречува да ја обавува и функцијата Претседател на Асоцијацијата, истиот има право да бара мирување на функцијата Претседател.

За предлогот за мирување на функцијата Претседател на Асоцијацијата одлучува Управниот одбор на Асоцијацијата, за што е должен во најкус можен рок не подолг од 15 дена да одржи и да го извести Собранието на Асоцијацијата.

Собранието има право одлуката за мирување на функцијата да ја верификува или да изврши избор на нов Претседател.

Одлуката за мирување на функцијата Собранието има право да ја измени во било кое време и да именува нов Претседател.

За времето кога му мирува функцијата на Претседателот на Асоцијацијата, Собранието именува В.Д. Претседател кој својата функција ќе ја обавува се до истекот на мандатот на Претседателот чија функција е во мирување, согласно член 35 од Статутот.

**Член 27**

Претседателот на Асоцијацијата своите права и должности ги врши врз основа на овој Статут и актите на Собранието.

Во случај на привремена спреченост на Претседателот, него го заменува Потпретседателот или Секретарот, а по овластување на Претседателот.

**Член 28**

Претседателот ги има следните овластувања:

- ја претставува и застапува Асоцијацијата;
- ги свикува седниците на Собранието и Управниот одбор,
- претседава и ги води седницата на Собранието и УО и се грижи за извршување на донесените одлуки;
- на Управниот одбор му предлага формирање комисии и други тела;
- пренесува овластувања на Потпретседателот и/или Секретарот или во нивно отсуство на други членови на Управниот одбор;
- се грижи за законитата работа на Асоцијацијата;
- се грижи за реализација на годишните програми и финансиските планови и е потписник на сметка.
- ги потпишува актите на Асоцијацијата;
- предлага програма за развој на Асоцијацијата;
- предлага начин и форми на финансирање на Асоцијацијата;
- предлага кандидати за членови на Управниот одбор;
- предлага кандидати за Потпретседател и Секретар на Асоцијацијата;
- врши други работи што ќе му ги довери Собранието, Управниот одбор или произлегуваат од Статутот.

**Член 29**

Управниот одбор на Асоцијацијата, по предлог на Претседателот, избира Потпретседател.

Потпретседателот по функција е член на Управниот одбор на Асоцијацијата.

**Член 30**

Потпретседателот врши работа од делокругот на Претседателот што ќе му ја довери тој или друг орган на Асоцијацијата.

**Член 31**

Управниот одбор на Асоцијацијата, по предлог на Претседателот, избира Секретар.

Секретарот по функција е член на Управниот одбор на Асоцијацијата.

**Член 32**

Секретарот врши работа од делокругот на Претседателот што ќе му ја довери тој или друг орган на Асоцијацијата.

**Член 33**

Секретарот ги има следните права, должности и одговорности:

- ги подготвува седниците на органите на Асоцијацијата;
- контактира со членовите на Асоцијацијата;
- ги координира активностите за спроведување на одлуките, заклучоците и ставовите на органите и телата на Асоцијацијата;
- ја води архивата на Асоцијацијата;
- ја води кадровската политика на Асоцијацијата;
- ја организира и раководи со стручната служба на Асоцијацијата;
- врши други работи што ќе ги доверат органите на Асоцијацијата.

**Член 34**

Раководните функции престануваат:

- по сопствено барање
- со одлука на Собрание или Управниот одбор со 2/3 мнозинство од сите членови со право на глас
- со истек на мандатот до избор на нов.

## VI
## ИЗБОРЕН СИСТЕМ

**Член 35**

Изборите за сите раководни места во Асоцијацијата, се обавуваат со слободно и јавно гласање или гласање по електронски пат доколку седницата се одржува електронски. Изборниот мандат трае пет години со можност за реизбор без ограничување. На сите оние кои се избрани поради пополнување на слободни или нови места, мандатот ќе им трае онолку колку што останало до новиот изборен период.

**Член 36**

Најмалку четириесет дена пред одржување на изборите, Асоцијацијата ги известува сите членови за почетниот состав на Собранието за следниот период, претходно утврден од страна на Управниот одбор, специфицирајќи го бројот на претставниците кој е доделен на секој од нив и најмалку дваесет дена пред одржување на изборите, свикува Собрание.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ-бр.6
ZYRA RAJONALE E REGJISTRIMIT SHKUP-nr.6

**Член 37**

Кандидат член на Управниот одбор и Претседател мора да има поддршка најмалку од 5 члена, а се избира со 2/3 мнозинство од сите активни членови.

Никој не може да го даде својот глас на повеќе од еден кандидат за Претседател или член на Управниот одбор.

**Член 38**

Избраните органи и лица (Управен одбор, Претседател, Потпретседател, Генерален секретар) својот мандат ќе го извршуваат до конституирањето на ново избраните органи и лица на определени функции. Доколку во определените рокови, не се изврши избор на нови органи, мандатот на избраните функции продолжува до избор на нови.

## VII
## СТОПАНСКИ СИСТЕМ

**Член 39**

За остварување на стручни, технички, правни, организациони, материјално-финансиски, административни, помошни работи, како и за обавување на стопански или други дејности, Асоцијацијата може да образува една или повеќе стручни служби на локално, национално и интернационално ниво, работен систем, односно сопствен организационен облик. Асоцијацијата може да основа сопствено претпријатие, партнерски управувано претпријатије, фонд или фондација за да обавува работа и дејности предвидени со овој Статут.

Одлуката за основање, организација, задачите на организационите облици за обавување на стручни работи и стопански дејности, како и за доверување на дел од работите на други правни и физички лица се донесува од страна на Управниот одбор по предлог на член Управниот одбор или на предлог на Собранието.

## VIII
## НОРМАТИВА

**Член 40**

За измени и дополнувања на Статутот исклучиво е надлежно Собранието, свикано со таа цел, на основа на предлог на Управниот одбор, или број на членови на Собранието кое преминува повеќе од третина од составот на собранието.

Одобрувањето за измена треба да биде прифатено со 2/3 мнозинство од сите активни членови на Собранието.

Прописите за внатрешната организација како и нивни измени и дополнувања ги донесува Управниот одбор.

**IX**
## СРЕДСТВА НА АСОЦИЈАЦИЈАТА, НАЧИН НА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ

**Член 41**

За остварување на своите цели и задачи, Асоцијацијата стекнува средства и со нив располага во согласност со овој Статут и Закон.

**Член 42**

Асоцијацијата стекнува парични средства, предмети и материјални добра што се обезбедуваат од:

- членарина;
- доброволни прилози, подароци од правни и физички лица;
- спонзорства и донаторства;
- проекти
- буџет;
- други извори во согласност со законот.

**Член 43**

Начинот на располагање со средствата на Асоцијацијата го утврдува Управниот одбор на Асоцијацијата.

**X**
## ПРЕСТАНОК НА АСОЦИЈАЦИЈАТА

**Член 44**

Асоцијацијата може да престане со работа врз основа на Одлука донесена од Собранието за престанок на Асоцијацијата.

Собранието пред да донесе одлука за распуштање, донесува одлука за распределба на имотот.

За усвојување одлука на Собранието на Асоцијацијата за престанок на работа, потребно е на седница на Собранието да се изјаснат најмалку 2/3 од сите активни членови од Собранието.

**Член 45**

Во случај на престанок со работа, имотот на Асоцијацијата припаѓа на:

- подвижниот имот, техничките средства и опремата добиена на користење, се враќаат на сопствениците на тие средства.
- останатиот имот на основа на одлука на Собранието на асоцијацијата со цел на подмирување на обврските.
- преостанатиот имот кој ќе остане после подмирување на обврските останува во сопственост на државата.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ-бр.8 SHKUP-nr.8 ZYRA RAJONALE E REGJISTRIMIT REGJISTRI QENDROR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

**XI**
## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 46**

Статутот на Асоцијацијата го донесува Собранието со мнозинство од вкупниот број на активни членови.

**Член 47**

Управниот одбор ги толкува одредбите на овој Статут.

Толкувањето на другите акти ги обезбедува Претседателот.

**Член 48**

Овој Статут влегува на сила на денот на донесување.

Асоцијација за е-трговија на Северна Македонија АЕТСМ Скопје

Претседател
Нина Ангеловска Станков